# Република Македонија
# Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-4-2011

## Резиме

- **Реалниот раст на БДП** во К-4-2011 година изнесува 0,2% на годишна основа, по растот од 4,1% во првите три квартали од 2011 година. Според тоа, просечниот економски раст во 2011 година изнесува 3%;
- **Стапката на невработеност** во К-4-2011 изнесува 31,8%, додека стапката на вработеност изнесува 38,5%;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2011 забележа забавен раст од 3,2% во однос на истиот квартал 2010 година, мерена според индексот на трошоци на живот;
- Просечната **бруто плата** во К-4-2011 изнесува 30.870 денари и забележа номинален раст од 0,6% додека на реална основа истата забележа пад од 2,5%;
- **Вкупните буџетски приходи** во К-4-2011 се повисоки за 3,2% и **вкупните буџетски расходи** се пониски за 2% во однос на истиот квартал 2010 година;
- Кварталниот раст на вкупниот **депозитен потенцијал на банките** продолжи да засилува и во К-4-2011 и изнесува 3,4%, додека **кредитната активност на банките** кон недржавниот сектор бележи стапка на раст од 1,5% на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во декември 2011 година забележа пад од 13,3% во однос на декември 2010 година;
- Во К-4-2011 на годишно ниво (к/к-4), забележан е **раст на извозот** од 16,2% и **увозот** за 8,2%, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 11,2%;
- **Трговската отвореност** на Република Македонија во К-4-2011 изнесува 106,9%, што укажува на нагорно поместување на нивото од истиот квартал претходната година за 7,9 п.п..

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

**Реалниот раст на БДП** во К-4-2011 година останува во позитивната зона, и изнесува 0,2% на годишна основа, по растот од 4,1% во првите три квартали од 2011 година. Според тоа, просечниот економски раст во 2011 година изнесува 3%.

**Номиналниот раст на БДП** во К-4-2011 година изнесува 3% споредено со истиот квартал претходната година, што имплицира дека БДП дефлаторот изнесува 2,8%. Просечниот номинален раст во 2011 година изнесува 5,9%, така што БДП дефлатор за 2011 година изнесува 2,7%.

Реалниот раст на БДП во К-4-2011 година споредено со претходниот квартал изнесува 7,7%, што во одредена мера се должи на позитивните сезонски влијанија. Така, сезонско прилагодениот квартален раст на БДП во К-4 изнесува 0,1%.

График 1.1. БДП по производен метод - придонес во раст;
Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Анализирано според **производната страна на БДП**, активноста во градежништвото продолжува да расте со двоцифрени стапки, и во К-4 изнесува 10,4%. Просечниот раст во секторот Градежништво во 2011 година изнесува 15,6%.

Секторот Хотели и ресторани, исто така, има остварено двоцифрен раст во К-4, и изнесува 11,3%. Во секторот Трговија, во К-4 е забележан солиден раст од 4,1%. Имено, секторот Трговија во текот на 2011 година бележи одлични остварувања, регистрирајќи просечен раст од 7,1%.

Секторот Јавна управа продолжува да остварува позитивни стапки на раст, кој во К-4 изнесува 1,5%. Земјоделството регистрира раст од 1,1% во К-4, по растот од 4,2% во претходниот квартал. Позитивен раст е забележан и во секторот Финансиски услуги од 0,9%, по падот на активноста во претходните три квартали, така што просечниот раст во 2011 година изнесува -1,8%.

Позитивните остварувања на горе споменатите сектори во голема мера се неутрализирани со падот на активноста во секторот Сообраќај, складирање и врски од 4,8% и падот на индустриското производство од 4,1%. Сепак, просечниот раст на индустриското производство во 2011 година е позитивен и изнесува 5,8%, што се должи на високиот раст забележан во првата половина од годината од 15%.

Растот на БДП во К-4, анализирано според **расходната страна**, е придвижен од домашната побарувачка, поточно бруто инвестициите кои забележаа двоцифрен раст од 12%, по растот од дури 46% во претходниот квартал. Растот на инвестициите соодветсвува со растот во градежништвото, високиот раст на домашното производство на капитални добра, како и солидниот износ на странски директни инвестиции. Просечниот раст на бруто инвестициите во 2011 година изнесува 22,7%. Бруто инвестициите во 2011 година претставуваат 25,4% од БДП.

График 1.2. БДП по расходен метод - придонес во раст; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Финалната потрошувачка во К-4 бележи благ раст од 0,3%, како резултат на растот на приватната потрошувачка од 1,6%. Растот на приватната потрошувачка соодветсвува со растот во трговијата, како и позитивниот раст на производството за широка потрошувачка. Јавната потрошувачка во К-4 регистрираше пад од 4,8%, со што продолжува негативниот раст на јавната потрошувачка набљудуван во текот на 2011 годината.

Во однос на нето извозната побарувачка, истата има негативен придонес врз економскиот раст. Извозот на стоки и услуги во К-4 регистрираше реален раст од само 0,5%, со што продолжува надолниот тренд на раст на извозот, а се должи на забавувањето на економскиот раст во Европска унија. Увозот на стоки и услуги во К-4 регистрираше реален раст од 5,7%.

Според **Анкета на работна сила**, активното население во К-4-2011 е намалено за 1,8% споредено со истиот квартал 2010 година. Ова е резултат на намалувањето на бројот на вработени, кој е понизок за 3,1% на годишна основа, додека бројот на вработени во К-4-2011 е зголемен за 0,9%. Работоспособното

График 1.3. Годишна стапка на раст на бројот на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС



население во К-4-2011 забележа раст од 0,4%.

Ваквите движења на пазарот на труд резултираа **стапката на невработеност** во К-4-2011 да се зголеми за 0,9 п.п. споредено со истиот квартал 2010 година и изнесува 31,8%. Стапката на вработеност изнесува 38,5%, што претставува намалување од 1,4 п.п. во однос на истиот квартал 2010 година, додека стапката на активност се намали на 56,5% од 57,8% во К-4-2010. Имено, бројот на вработени, анализирано според видот на сопственоста на деловните субјекти, во приватниот сектор е намален за 3,9% на годишно ниво, а во останатиот дел од економијата бројот на вработени е намален за 0,4%.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

Стапката на инфлација, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2011 изнесува 3,2% во однос на истиот квартал од 2010 година, што претставува забавен раст спредено со претходниот квартал (3,6%). Највисок раст на цените е забележан кај категоријата Исхрана од 4,7%, следен од растот на цените во категоријата Домување од 3,5%, што се должи најмногу на порастот на цените за електрична енергија од 5,4%. Во категоријата Хигиена и здравје се забележува раст од 2,8%, додека во категоријата Сообраќајни средства и услуги цените се повисоки за 2,4%, во голема мера како резултат на зголемените цени за течни горива и масла од 12%. Раст е остварен и кај категориите Хотели и ресторани од 1,8%, Облека и обувки од 1,6%, Административни и финансиски услуги од 1,1%, Култура и разонода од 0,8% и Тутун и пијалаци од 0,2%.

График 2.1. Стапка на инфлација (к/к-4); Извор: ДЗС




Базичната инфлација (која го исклучува ефектот на храната и енергијата) во К-4-2011 година изнесува 1%, што е пониско ниво за 0,3 п.п. споредено со базичната инфлација во претходниот квартал (1,3%).

Цените на мало во К-4-2011 забележаа пораст од 3,6% споредено со истиот квартал од 2010 година. Најголем придонес во растот на цените на мало има категоријата Индустриски производи каде е забележан раст на цените од 5%, придонесувајќи со 2,9 п.п. во вкупниот раст на цените на мало. Во рамки на оваа категорија, највисок раст на цените бележат непрехранбените производи од 5,9%. Прехранбените производи забележаа раст на цените од 4,7%. Малопродажната цена на пијалаците

е зголемена за 0,6%, додека кај тутунот цената е непроменета. Малопродажните цени во категоријата Земјоделски производи забележа благ раст од 0,6%, кој се карактеризира со речиси ист интензитет како минатиот квартал.

Просечната **нето плата** во К-4-2011 изнесува 21.050 денари и е повисока во однос на истиот квартал 2010 година за 1,3% номинално. На реална основа нето платата бележи пад од 2,3%, (површината со сенка на График 2.2). Просечната **бруто плата** изнесува 30.870 денари и забележа номинален раст од 0,6% додека на реална основа истата забележа пад од 2,5%.

График 2.2. Раст на ВФП и продуктивноста на трудот;
Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Благиот раст на економската активност во К-4-2011 беше проследен со пад на бројот на вработени. Ваквите движења имплицираат зголемување на **продуктивноста на трудот** за 3,3%, по растот од 2,3% во претходниот квартал. Имено, во К-4-2011 е забележан раст на физичкиот капитал од 3,9%. Ваквите тенденции на факторите на растот предизвикаа **вкупната факторска продуктивност (ВФП)** да забележи зголемување од 0,3% во К-4-2011, по растот од 1% во претходниот квартал. На Графикот 2.3 е прикажан трендот на ВФП и продуктивноста на трудот.

## 3. Фискален сектор

Во последниот квартал од 2011 година беше забележано повисоко остварување на буџетските приходи во однос на истиот квартал 2010 година, придружено со релативно пониски буџетски расходи. Дефицитот на Буџетот изнесуваше 2.092 милиони денари во К-4-2011 или 1,7% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 2.527 милиони денари, односно 2,1% од БДП што е зголемување за 1,3 п.п. од претходниот квартал).

И во четвртиот квартал од 2011 година продолжи да се води контрациклична фискална политика насочена кон ублажување на последиците од светската економска криза врз македонската економија и задржување на макроекономската стабилност. Притоа, не беше загрозена фискалната одржливост на јавните финансии.

Вкупните **буџетски приходи** се повисоки за 3,2% споредено со истиот квартал од 2010 година, што најмногу се должи на поголемото остварување на даночните

приходи за 7,1%, додека придонесите остварија поумерен раст, односно зголемување од 2,6%, додека неданочните приходи беа пониски за 15,2%. Притоа беше забележана рекордно висока наплата кај данокот на додадена вредност, додека акцизите и персоналниот данок остварија умерено зголемување, за разлика од реализацијата на данокот на добивка која беше намалена за 28,3%, односно на приходите од царинските давачки за 8,4%. Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 54,6% од вкупните даночни приходи, во К-4-2011 се повисоки за 14,1% споредено со истиот квартал 2010 година, односно повисоки за 1,6% од остварувањето во претходниот квартал. Во структурата на бруто приходите од ДДВ се забележа зголемување на наплатата на ДДВ од увоз, но и зголемување на прометот во земјата, согласно прометот во трговијата, а засилена е и динамиката на поврат на ДДВ. Приходите од акцизи се повисоки за 3,5% споредено со истиот квартал од 2010 година. Во рамки на директните даноци, кај данокот на добивка е забележано намалување од 28,3 п.п. во однос на претходниот квартал (треба да се има предвид дека во 2010 година единствено се оданочува добивката која се распределува за дивиденда, а почнувајќи од април 2010 година е евидентиран приход за данок на исплатената дивиденда и друга распределба од добивката, што учествува со значаен процент во структурата на овој данок). Приходите од персоналниот данок на доход беа повисоки за 3,8% во споредба со претходната година. Гледано од аспект на структурно учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го намалија своето учество во БДП за 0,3п.п., додека кај индиректните даноци беше забележан раст од 0,2п.п.

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-4-2011;
Извор: МФ




Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 2,6%, при што зголемување на наплатата беше забележана кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско осигурување од 2,8%, кај придонесите за здравствено осигурување од 2,2%, а кај придонесите за вработување од 3,0%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,5% од вкупниот квартален БДП беа реализирани на пониско ниво за 15,2% во однос на истиот период од 2010 година.

Капиталните приходи за К-4-2011 на годишна основа беа повисоки за 3,6% ( во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, како и продажба на станови и приходи од дивиденди). Приходите по основ на донации се намалија за 1,2%, споредено со К-4-2010.

Во К-4-2011 вкупните **буџетски расходи** беа пониски за 2,0% споредено со истиот квартал од 2010 година. Тековните расходи, кои претставуваа 87,8% од вкупните расходи, беа помали за 2,6% на годишна основа. Капиталните расходи кои учествуваа со 12,2% во вкупните расходи, беа повисоки за 2,4% споредено со К-4-2010 година, при што нивната реализација во К-4- 2011 година беше со подобра динамика отколку во претходните години и изнесуваа 21,6% од вкупно планираните средства за 2011 година. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа намалени за 11,1%, додека расходите за плати и надоместоци беа со релативно умерен раст, односно забележано беше нивно зголемување од 2,4% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 60,3% во вкупните расходи, беа пониски за 2,6% на годишна основа, а учеството на категоријата "Други трансфери" во вкупните трансфери изнесуваше 22,1% (овде се вклучени трансферите кон локалната власт - блок и наменските дотации, како и други субвенции и трансфери). Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои учествуваа со 27,2% во вкупните расходи, беа извршени за 5,8% повеќе во однос на истиот квартал од 2010 година, односно повеќе за 4,6% споредено со К-3 2011 година. Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 3,0%, при што расходите по камати на домашен долг забележаа пад од 10,3%, а каматите за странскиот долг беа зголемени за 8,6%.

Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетски приходи[1] во однос на номинален БДП, во К-4-2011 изнесуваше 26,6% и претставува зголемување за 0,8 п.п. во однос на К-3-2011. Вкупните буџетски расходи претставуваа 31,1% од БДП, што е за 0,6 п.п. понизок остварен износ во однос на К-3-2011, односно на годишна основа пониско за 1,5%.

График 3.2. Долг на централна влада и неговата структура; Извор: МФ




Вкупниот **долг** на централната влада на крајот на К-4-2011 изнесуваше 28,2% од БДП, што претставуваше зголемување од 2,0 п.п. во однос на К-3-2011 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во вкупниот долг на централната влада беше зголемено за 2,1%, во однос на К-3-2011, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во вкупниот долг на централната влада беше намалено за исто толку. Со тоа, учеството на внатрешниот

[1] Вклучува даночни приходи, социјални придонеси, административни такси и давачки и патарини

долг на централната влада беше намалено на 24,3% од вкупниот долг на централната влада. Ваквата состојба укажува дека дополнителното задолжување, што е неминовно за водење поекспанзивна фискална политика, било надворешно или внатрешно, не би ја загрозило фискалната одржливост, при што е неопходна координација со монетарната политика. Здравата фискална политика е еден од Мастришките критериуми за конвергенција, со поставени граници на 3% од БДП за буџетскиот дефицит и 60% од БДП за државниот долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во последниот квартал од 2011 година монетарната политика остана непроменета. НБРМ ја задржа основната каматна стапка на нивото од 4% во услови на поволен макроекономски амбиент и ослабени инфлациски притисоци како резултат на забавувањето на растот на цените на храната.

**Примарните пари**[2] во К-4-2011 забележаа силен квартален раст од 15,3% наспроти падот од 4% регистриран претходниот квартал. Доминантен придонес во растот имаше вкупната ликвидност на банките која се зголеми за 18%, а висок раст оствари ја и готовите пари во оптек, од 11,8% на квартална основа.

Во текот на четвртиот квартал на 2011 година беше забележано забрзување на кварталниот раст на парична маса и на вкупниот депозитен потенцијал на банките. Најтесната парична маса М1 забележа квартален раст 6,6% во однос на К-3-2011, како резултат на растот на готовите пари во оптек, поттикнат во голема мера од сезонски фактори, како и порастот на депозитните пари. **Пошироките монетарни агрегати М2 и М4**, во К-4-2011 регистрираа раст од 3,8% и 4,1%, соодветно, во однос на претходниот квартал.

Растот на **вкупниот депозитен потенцијал**[3] на банките продолжи да засилува и во четвртиот квартал од годината. Така, на квартална основа вкупните депозити се зголемија за 3,4% наспроти 2,5% во К-3-2011. Новото штедење во целост беше во домашна валута, додека депозитите во странска валута имаа негативен придонес. Имено, денарските депозити се зголемија за 8,1% на квартална основа, додека девизните се намалија за 1% заради намалувањето на девизните заштеди на приватните претпријатија.

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата остварија пораст од 4,2%, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 4,3%. Новото штедење на домаќинствата е доминантно во домашна валута што имаше позитивен придонес во намалување на степенот на евроизација на 48,7% (од 50,9% во К-3-2011) мерен преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал. Депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 4,3% во однос на К-3-2011.

[2] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)
[3] Депозитите вклучуваат и пресметана камата

Според рочноста, краткорочните депозити во К-4-2011 забележаа раст од 2,8% во однос на претходниот квартал, додека растот на долгорочните депозити забрза на 5% (1,6% во К-3-2011).

**Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор,** во К-4-2011 година бележи стапка на раст од 1,5% на квартално ниво, во услови на зголемено кредитирање на корпоративниот сектор и на секторот за домаќинства. Доминантен придонес во растот на кредитната активност имаше зголеменото кредитирање на приватните претпријатија од 1,7% (придонес од 67,9%), додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 1% во однос на К-3-2011.



График 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ

Од валутен аспект, кредитите во странска валута забележаа забавен раст од 3,4% на квартално ниво (наспроти растот од 6% во К-3-2011). Денарските кредити по падот од 0,2% остварен во претходниот квартал регистрираа квартален раст од 0,8% во К-4-2011.

Според рочноста, долгорочните кредити и понатаму се главен двигател на новото кредитирање на квартална основа и истите се зголемија за 2,3%, во однос на К-3-2011, додека краткорочните кредити забележаа ублажен пад од 0,3%.



График 4.2. Каматни стапки на депозитни банки; Извор: НБРМ

Во четвртиот квартал од 2011 година, НБРМ ја задржа основната **каматна стапка** непроменета на ниво од 4%. Каматните стапки на депозитните банки во К-4-2011 година не забележаа позначајни поместувања. Имено, каматните стапки на депозитните банки на денарските и девизните кредити се задржаа на ниво од

претходниот квартал односно на ниво од 8,8% и 7,4%, соодветно. Од друга страна каматните стапки на денарските и девизните депозити се намалија на квартална основа за 0,1 п.п. и изнесуваат 5,7% и 2,6%, соодветно.

Каматната стапка на ново одобрените денарски кредити изнесува 8,2% и бележи квартален пад од 0,1 п.п., додека каматната стапка на ново одобрените девизни кредити бележи позначајно намалување од 0,3 п.п. и изнесува 7,1%. Каматната стапка на ново примените денарски депозити бележи висок раст од 0,6 п.п. во однос на К-3-2011 година и изнесува 3,7%, додека каматната стапка на ново примените девизни депозити е непроменета и изнесува 0,8%.

На **пазарот на капитал** во четвртиот квартал од годината се забележа висок раст на вкупниот промет во однос на К-3-2011 како резултат на остварените блок трансакции во декември 2011 година, додека прометот остварен преку класично тргување се намали за 32,5%. Споредено со истиот период минатата година, класичното тргување забележа пад од 42,2%.

График 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10;
Извор: Македонска берза




Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, се намали за 8,7% во однос на септември 2011 година, додека во однос на декември 2010 година регистриран е пад од 13,3%.

## 5. Надворешен сектор и платен биланс

Во К-4-2011 година вкупната трговска размена со странство (фоб основа) изнесува 2.090 милиони евра, што претставува највисок износ од 2003 година наваму и бележи раст од 11,2% во однос на истиот квартал од 2010 година, а се објаснува со истовремено зголемување на извозот и увозот на стоки.

Во К-4-2011 година **извозот** на стоки изнесува 823,9 милиони евра кој по регистрираниот извоз во третиот квартал од 825 милиони евра, е втор највисок износ гледано од 2003 година и во однос на истиот квартал од претходната година бележи раст од 16,2%.

Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот се забележуваат кај:

-машини и транспортни уреди за 126,8% (електрични машини и делови и индустриски машини и делови за 20,2 милиони евра и индустриски машини и делови-неспомнати за 20,8 милиони евра или со придонес во раст од 2,8 и 2,9 п.п. соодветно);

-хемиските производи, односно хемиски материи и метални производи за 20,1 милиони евра, со придонес во раст од 2,8 п.п. (ваквото движење се објаснува со високиот раст на извозот на „катализатори на носачи со благородни метали или нивни соединанија од страна на”Johnson Matthey”);

-нафта и производи од нафта за 5,2 милиони евра со придонес во раст од 0,7 п.п.

-производи класирани по материјалот за 9,4% (железо и челик за 24,6 милиони евра или со придонес во раст од 3,5 п.п.) и друго.

Во К-4-2011 година, гледано по **економска намена** најголемо учество во годишниот раст на извозот имаат производи наменети за индустриското производство со 52%, и стоките за лична потрошувачка со 33%, а потоа инвестицiите со 9% и енергија со 6%.

График 5.1. Надворешно-трговска размена и трговска отвореност; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




**Увозот на стоки (Фоб)** во К-4-2011 година изнесува 1.266,1 милиони евра и забележа пораст од 8,2% (пораст од 96 милиони евра) во однос на К-4-2010 година, додека во однос на претходниот квартал, растот изнесува 3,1%. Анализирано по сектори на СМТК, најголемо позитивно придвижување на увозот во К-4-2011 бележат категориите минерални горива и мазива (нафта и производи од нафта за 28,9 милиони евра, електрична енергија за 14,7 милиони евра), категоријата железо и челик за 7,6 милиони евра, со учество во вкупниот раст од 0,6 п.п., потоа изработки од неметални минерали за 6,2 милиони евра, текстилни предива и сл. за 5 милиони евра итн. Порастот на увозот на овие категории добра, кои се интермедијарни инпути во процесот на производство, упатува на обезбедени предуслови за производната активност во следните квартали.

Кај категориите целулоза и отпадоци од хартија се забележува намалување на увозот за 87,2%, а кај категориите катран и сирови хемикалии и транспортната опрема се забележува намалување на увозот за 74,3% и 59,5%, соодветно. Сепак, на

бројките треба да се пријде со претпазливост бидејќи од истите не е елиминиран базниот ефект од четвртиот квартал минатата година.

Гледано по економска намена во К-4-2011 година во годишниот раст на увозот најмногу учествуваат производите наменети за индустриско производство со 40%, производите за лична потрошувачка со 24% и енергија со 21%, додека инвестициите учествуваат со 14%.

Трговската отвореност на РМ во К-4-2011 изнесува 106,9% и забележува проширување во однос на истиот квартал од 2010 година за 7,9 п.п., што се должи на поинтензивниот раст на трговската размена и побавниот раст на нивото на БДП во овој квартал.

Во К-4-2011, при подобрена трговска размена со Европската унија (ЕУ 27) во однос на К-4-2010 за 8%, учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи негативно поместување за 1,6 п.п. и изнесува 55,5%, при што извозот на стоки учествува со 42%, а увозот на стоки со 58%. Како резултат на структурните промени во размената со странство, во четвртиот квартал од 2011 година, 63,5% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Русија, В.Британија, Турција и Грција, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: Бугарија, Кина, Швајцарија, Словенија, Србија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Албанија, Црна Гора, Белгија, Босна и Херцеговина и други.

Во К-4-2011 година е остварен суфицит на тековната сметка со износ од 12 милиони евра или 0,6% од БДП, наспроти дефицитот остварен во истиот квартал од 2010 година од 127,9 милиони евра.

Во К-4-2011 година, подобреното позитивно салдо на билансот на услуги за 8,9% во однос на К-4-2010 и зголемените нето тековни трансфери за 128 милиони евра се главни фактори тековната сметка во К4 од 2011 година да бележи суфицит од 12 милиони евра.

Во К-4-2011 трговското салдо (-22,6% од БДП), бележи негативно поместување во однос на претходните два квартала од оваа година, а позитивно поместување во однос на првиот квартал од 2011 година.

График 5.2. Анализа на тековна сметка; Извор: НБРМ




Годишниот раст на извозот и увозот во К-4-2011 година е со помал интензитет во споредба со претходните три

квартала, и ваквите движења придонесоа нивото на трговски дефицит во однос на БДП да се намали за 1,7 п.п во споредба со К-4-2010.

Во истиот квартал, **нето-тековните трансфери** забележаа раст од 37,5% во однос на К-4-2010, што во поголем дел произлегува од повисоките приватни трансфери. Приватните трансфери забележуваат раст од 29,8% (99,2 милиони евра) и продолжуваат да имаат доминантно учество (92,5%) во тековните трансфери.


Извештајот го подготви

**Министерство за финансии**
**Сектор за макроекономска политика**

М-р Анита Поповска
Ангела Васовска
Анета Ацевска
Копринка Сапунова
Нецати Куртиши

Контролирал:

**Д-р Сања Киковска - Георгиевска**

Одобрил:

**Јордан Трајковски**

Jordan.Trajkovski@finance.gov.mk


Скопје, април 2012 година